Врз основа на член 18 став 1, алинеја 17, член 19 и член 20, став 3, од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14), а во согласност со член 15 став 1 алинеја 16 и член 36, во врска со член 43 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година, и Заклучокот бр.02-4394/3 од 05.09.2014 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 8-та седница одржана на 05.09.2014 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

1. Да се објави јавен конкурс за избор на заменик на директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

2. Согласно условите утврдени во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и општите услови предвидени во Законот за работните односи, кандидатите за заменик на директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, треба да ги исполнуваат следниве критериуми:

- да имаат високо образование (ВСС);
- да имаат работно искуство над 5 (пет) години во областа на комуникологијата, новинарството, електронските комуникации, информатиката, културата, економијата или правото;
- кандидатот за заменик на директор, неговиот брачен другар или вонбрачен другар, како и блиски роднини во права линија до второ колено, не можат да имаат дел на акции, директно или индиректно во организации што извршуваат активности што директно спаѓаат под надлежност на Агенцијата,
- на кандидатот за заменик на директор да не му е изречена забрана за вршење професија, дејност или должност.

3. Дневно работно време: од 08:00/08:30 часот до 16:00/16:30 часот.

4. Неделно работно време: 40 часа.

5. Распоред на работното време: од понеделник до петок.

6. Мандатот на заменикот на директорот на Агенцијата е 7 (седум) години.

7. Основната плата изнесува 77.000,00 денари, според Правилникот за бруто плата и други надоместоци на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-3803/1 од 17.07.2014 година.

8. Јавниот конкурс е составен дел на оваа одлука (Прилог бр.1) и ќе се објави во 2 (два) дневни весника, тоа: 1 (еден) дневен весник што се издава на македонски јазик и 1 (еден) дневен весник што се издава на јазик што го

зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат јазик различен од македонскиот.

8.1 Јавниот конкурс ќе трае заклучно со 24.09.2014 година.

Текстот на јавниот конкурс е доставен во прилог на оваа одлука (Прилог бр.1) и е нејзин составен дел.

9. Кандидатите, кон Пријавата, треба да ги доставаат следните документи:

- мотивационо писмо;
- биографија (CV),
- диплома за завршено високо образование или уверение за положени испити,
- изјава дека кандидатот за заменик на директорот на Агенцијата, неговиот брачен другар или вонбрачен другар, како и блиски роднини во права линија до второ колено, немаат дел на акции, директно или индиректно во организации што извршуваат активности што директно спаѓаат под надлежност на Агенцијата (заверена кај нотар),
- потврда издадена од Централниот регистар на Република Македонија дека не е изречена забрана за вршење професија, дејност или должност (не постара од 6 месеци),
- уверение за државјанство.

10. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Примерок од Одлуката да се достави до:
- Раководителот на Стручната служба на Агенцијата;
- Секторот за правни работи;
- Секторот за економско - финансиски работи;
- Секретаријат на Агенцијата - архива.

**Бр. 04-4427/1**
**05.09.2014 година**
**Скопје**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот на Агенцијата,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Прилог (1):**
1. Јавен конкурс

Врз основа на член 19 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14), и член 22 став 1 алинеја 1 и член 23 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија", бр.62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14), Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги распишува:

**ЈАВЕН КОНКУРС**

I. За избор на заменик на директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

II. Согласно условите утврдени во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и општите услови предвидени во Законот за работните односи, кандидатите за заменик на директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, треба да ги исполнуваат следниве критериуми:

- да имаат високо образование (ВСС);
- да имаат работно искуство над 5 (пет) години во областа на комуникологијата, новинарството, електронските комуникации, информатиката, културата, економијата или правото;
- кандидатот за заменик на директор, неговиот брачен другар или вонбрачен другар, како и блиски роднини во права линија до второ колено, не можат да имаат дел на акции, директно или индиректно во организации што извршуваат активности што директно спаѓаат под надлежност на Агенцијата;
- на кандидатот за заменик на директор да не му е изречена забрана за вршење професија, дејност или должност.

III. Дневно работно време: од 08:00/08:30 часот до 16:00/16:30 часот.

IV. Неделно работно време: 40 часа.

V. Распоред на работното време: од понеделник до петок.

VI. Мандатот на заменикот на директорот е 7 (седум) години.

VII. Основната плата изнесува 77.000,00 денари, според Правилникот за бруто плата и други надоместоци на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-3803/1 од 17.07.2014 година.

VIII. Кандидатите, кон пријавите, треба да ги достават следните документи:

- мотивационо писмо;
- биографија (CV),

- диплома за завршено високо образование или уверение за положени испити;
- изјава дека кандидатот за заменик на директорот на Агенцијата, неговиот брачен другар или вонбрачен другар, како и блиски роднини во права линија до второ колено, немаат дел на акции, директно или индиректно во организации што извршуваат активности што директно спаѓаат под надлежност на Агенцијата (заверена кај нотар);
- потврда издадена од Централниот регистар на Република Македонија дека не е изречена забрана за вршење професија, дејност или должност (не постара од 6 месеци);
- уверение за државјанство.

IX. Секој од кандидатите на јавниот конкурс има право да достави и друга документација за сопствено презентирање.

Потребната документација кандидатите ја доставуваат во оригинал или како копија заверена кај нотар.

X. Јавниот оглас трае заклучно со 24.09.2014 година.

Некомплетните и ненавремено поднесените документи нема да се разгледуваат.

Документите се доставуваат на адреса на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, бул."ВМРО" бр.3, 1000 Скопје (деловен простор "Агромеханика" АД Скопје), или на архивата на Агенцијата од 08.00 до 16.00 часот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**